РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено Pranuar: | 3. 12. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 8/593 | / | |

20 год.
Потпис,

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19) и член 13 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019 и 229/20), министерот за образование и наука донесе Наставна програма за образование на децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во РСМ за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Наставна програма

за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

за образование на децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, децата под супсидијарна заштита и децата под привремена заштита кои престојуваат во РСМ за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и поддршка за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети

**(почетно изучување)**

**Скопје, 2020 година**

## ВОВЕД

Оваа програма е наменета за децата со странско државјанство или децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, децата под супсидијарна заштита и децата под привремена заштита кои престојуваат во Република Северна Македонија.

Учениците наведени погоре ја започнуваат интеграцијата во образовниот систем преку изучувањето на македонскиот јазик. Тие ја следат оваа програма во првата година на нивното вклучување во основното образование и со неа треба да се здобијат со основни познавања од македонскиот јазик. Во оваа програма изучувањето на македонскиот јазик е планирано преку усвојување на вештини кои ќе произведат базични јазични компетенции кај учениците. Имено, програмата се состои од неколку компоненти: слушање и разбирање, зборување, читање и пишување. Нивното изучување е потребно да биде интегрирано на секој час за да бидат постигнати конкретни резултати од учењето. Граматичките структури и тематско-комуникациските целини се основните теми кои ќе се преточат во извежбани вештини: слушање, зборување, читање и пишување. Од наставникот се очекува да подготви соодветни активности во корелација со дадените примери и насоки во самата наставна програма која е планирана и фокусирана во усвојување на практичниот дел на јазикот. Главниот резултат што се очекува да биде постигнат на крајот од реализацијата на оваа програма е стекнување на комуникациски компетенции кои се поврзуваат со рецепција и продукција на говор на основно ниво, читање и разбирање кус текст, пишување пораки и куси забелешки. Сето тоа познавање на јазикот во различни контексти поврзани со непосредната околина треба да бидат во рамките на стандардната јазична форма. Очекуваните резултати за учениците се поставени во графите подолу.

Ученикот за да може да ја посетува редовната настава наредната учебна година потребно е задолжително да го заврши овој дел од посетувањето на наставата за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

За оваа програма се предвидени 2 часа дневно, односно 10 часа во текот на неделата.

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Наставна програма за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна (за категориите ученици наброени во Воведот од програмата) |
| **Одделение** | Делот од програмата кој се однесува на изучувањето по македонски јазик се спроведува исто за секоја возраст и одделение. |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 10 часа неделно за изучување на Македонски јазик. |
| **Цели на наставната програма по предметот Македонски јазик** | Ученикот/ ученичката:<br>-да го усвои македонскиот гласовен систем и правилно да ги изговара гласовите;<br>-да ја усвои реченичната интонација и правилно да акцентира зборувајќи и читајќи;<br>-да ги препознава и да ги чита македонските печатни и ракописни кирилични букви, да го усвои нивниот редослед во македонската азбука и да ги пишува македонските печатни и ракописни кирилични букви;<br>-да слуша, правилно да изговара и во писмена форма да разликува зборови, кратки искази и куси дијалози на македонски јазик;<br>-да ја разбира содржината на исказите кога соговорникот зборува јасно и бавно;<br>-да се запознае со правилниот зборуред и правилната синтакса на македонскиот стандарден јазик;<br>-да усвои и да користи кратки фрази, искази и реченици потребни во секојдневна комуникација на теми поврзани со непосредната околина;<br>-правилно да користи кратки фрази, искази и реченици во нови контексти и комуникациски средини. |
| **Компоненти на наставната програма** | Слушање<br>Зборување<br>Читање и пишување |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет каде се обезбедени соодветни услови за работа пропишани според Норматив донесен од министерот за образование и наука |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по македонски јазик ја реализираат предметните наставници од училиштето. |
| **ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ** | Глас и буква<br>Македонска азбука – изговор, артикулација на гласови<br>Македонска азбука - пишување на печатнии и ракописни кирилични букви<br>Глас, слог, збор<br>Акцентот во македонскиот јазик<br>Паузите во и на крајот од реченицата<br>Реченична интонација (расказна, прашална, извична)<br>Правопис на македонското кирилично писмо<br>Употреба на голема буква кај сопствените именки<br>Интерпукнкциски знаци: точка, прашалник, извичник и запирка.<br><br>Именки<br>Видови именки - сопствени именки (лични имиња, имиња на градови и села) и општи именки;<br>Граматички категории на именките – род, број и определеност<br><br>Придавки<br>Видови придавки – описни придавки и присвојни заменски придавки (мој, твој, наш, ваш)<br>Граматички категории на придавките – род, број и определеност<br><br>Заменки<br>Видови заменки - лични заменки, показни заменки; прашални заменки кој и што<br>Граматички категории на заменките – лице, род и број<br><br>Броеви<br>Броеви 0 до 10, десетките до 100<br>Граматичката категорија род кај броевите еден (еден, една, едно) и два (два, две) |

| | |
|---|---|
| | Глаголи<br>Глаголот сум во сегашно време и во минато определено време<br>Граматички категории на глаголите – лице и број.<br>Граматичката категорија вид на глаголите<br>Граматичката категорија време на глаголите – сегашно време, идно време и минато определено време.<br><br>Прилози<br>Препознавање и употреба на прилозите - за време, за место, за начин и за количество<br><br>Предлози и сврзници<br><br>Реченица<br>Реченицата како комуникациска единица<br>Модална карактеристика на реченицата<br>Структурата на реченицата – проста реченица<br>Потврдна и одречна реченица<br><br>**Забелешка:** Наставните содржини од делот *Граматички структури* се реализираат преку содржините од тематско-комуникациските целини, што значи дека тие се вградени во компонентите на програмата поделени по вештини: за слушање и разбирање, зборување, читање/читање со разбирање и пишување. Наставните содржини од делот *Граматички структури* во програмата се наброени таксативно и нивната реализација не подразбира метајазично толкување веднаш и кај учениците од сите развојни периоди. Јазичните особености, опфатени со овие наставни содржини, учениците ги усвојуваат преку слушање, гледање, изговарање, препишување, повторување, покажување, разговарање и сл.<br>Метајазичното толкување се користи доколку ученикот е во третиот развоен период но и тогаш знаењата од граматика се ставаат во функција и во согласност со конкретните ситуации. Внесувањето на метајазикот треба да биде постапно. (Доволно е метајазикот да го препознаваат во контекст и да ја разбираат неговата улога во различни комуникациски контексти - граматички правила и граматички законитости).<br><br>При изучувањето на јазикот и покрај поделбата на компоненти наречени јазични вештини, кон програмата се пристапува интегрално, односно, при изучувањето на јазикот слушањето, зборувањето и читањето и пишувањето не се одвојуваат односно се одвиваат комбинирано во текот на часот. |
| | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | **ТЕМАТСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИНИ** | **Поздрави и запознавање**<br>**Најчести изрази во секојдневната комуникација**<br>**Дом и семејство, роднини**<br>**Делови на телото и здравје**<br>**Облека, обувки и бои**<br>**Храна и пијалоци, пазарување, валута, посета на угостителски објекти/мени**<br>**Броеви, време, делови од денонокието**<br>**Природа и околина**<br>**Учење, училиште, училишни предмети и прибор**<br>**Обрски, хоби и слободно време**<br>**Празници (2 Август, 8 Септември, 11 Октомври), традиција и обичаи**<br>**Сообраќај и превозни средства** | Примери и модели<br><br>Најчести изрази од секојдневието<br>Добар ден! Догледање/Довидување<br>Како си? Мило ми е. Поздрав<br>Како се викаш? Јас сум Марија Јас сум Филип.<br>Ве молам, извинете, благодарам<br>Би сакал/а<br>Кој е ова на фотографијата? Тоа е мајка ми. Тоа е мојата мајка.<br>Татко ми, брат ми, сестра ми.<br>Дедо и баба, чичко и стрина<br>Како си/Како сте/ Како се чувствувате?<br>Добар сум / Добра сум. /Добри сме<br>Не се чувствувам добро.<br>Ме боли главата/забот/раката.<br>Уморен, гладен, жеден, одморен, најаден<br>Делови на телото се:<br><br>Имам/немам: фустан, блуза, панталони, виндјакна, фармерки, блузон, џемпер<br>Сакам: сино, жолто, зелено, сиво, црвено, кафено, црно, бело, розово, виолетово.<br>Имам/сакам патики, чевли, чизми, сандали<br><br>Пијам вода, сок, минерална вода, смути<br>Јадам компири, ориз, домати, пиперки, моркови, крставици, зелка, модар домат, тиква, магданос и целер.<br>Вкусови: солено, луто, благо.<br>Кое е твоето омилено јадење?<br>Што јадеш за појадок/ручек/вечера<br>Имате мени? Повелете мени. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Би сакал/а<br>омлет/шпагети/лазањи/пица/морски плодови/риба/зелечук/десерт<br>Колку денари чини ова?<br>Ова чини десет денари.<br>Сакам да купам...<br>Каде одиш? Одам на/во<br>На пазар, во супермаркет<br><br>Како се вика овој ресторан?<br>Ова е седвичара. Ова е рибен ресторан.<br>Ова е пицерија. Ова е слаткарница.<br><br>Кој ден е денеска? Денес е понеделник<br>Кој датум е денес? Денес е седми ноември.<br>Кога да дојдам? Дојди утре попладне.<br>Во колку часот? Во 5 часот попладне/9 часот наутро.<br>Какво е времето? Сончево. Дождливо. Ветровито. Променливо.<br>Носиш чадор? Да, носам чадор/Не, не носам чадор, носам шапка.<br><br>Ми треба молив, учебник и тетратка.<br>Шарена тетратка, мал учебник, големи букви, убави лекции.<br>Пишувам со молив. Сакам биологија. Имам час по математика.<br>Не сакам ликовно образование. Обожавам музичко.<br>Што го сочинува живиот свет?<br>Растенија, животни и луѓе<br>Цвеќе, зеленчук, овошје, билки<br><br>Миленици Имам маче/куче/риба. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Кој празник е денеска? Денеска е Велигден. Одиме во црква. Се кршиме со јајца. Денеска е Божиќ. Одиме на ручек кај роднините. Одам на гости.<br>Се возам со автобус. Каде одиш? Во Битола? Колку чини билетот? Во колку часот тргнува автобусот? Колку време се патува до таму? | |

| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини[1] и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **СЛУШАЊЕ** | | | |
| | - го слуша и да го препознава изговорот на секој глас од македонската азбука, да го препознава акцентот на зборовите и реченичниот акцент, паузите во реченицата и помеѓу реченициите;<br><br>- реагира на содржините што ги слуша и да учествува во комуникацискиот акт како активен слушател и како соговорник, да разменува информации со другите | **Поздрави и запознавање**<br><br>**Дом и семејство, роднини**<br>**(се претставува себеси и своето семејство)**<br><br>**Делови на телото и здравје**<br>**Облека, обувки и бои**<br>**Храна и пијалоци, пазарување, валута, посета на угостителски објекти/мени**<br><br>**Броеви, време, делови од денонокието** | Наставникот ги поттикнува на активно слушање, кажува кратки реплики, чита кратки дијалози, покажува и посочува додека зборува. Води едноставен дијалог/разговор со учениците, ги поттикнува на поврзување на слушнатото со значење за истото.<br><br>Наставникот кажува/чита искази и решеници и кај новупотребен збор поттикнува дискусија за значењето на зборот. | - слуша и препознава гласови од македонската азбука;<br>-препознава правилна артикулација на гласовите од македонската азбука;<br>-слуша и препознава правилен изговор на зборови и правилна реченична интонација;<br><br>-слуша и да разбира секојдневни поздрави и куси претставувања;<br>-слуша и да разбира куси прашања за себе;<br>-слуша и да разбира именувања на членови од семејството; |

[1] Во оваа колона се дадени **предлог - содржини** за постигање на дадените резултати од учењето и истите можат да се модифицираат, но да водат кон постигање на дефинираните резултати од учење.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | говорители во рамки на предложените теми;<br><br>- разбира фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност<br>(на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, околина...);<br><br>- репродуцира и да продуцира слушнати лексички единици (зборови) и да се оспособува правилно да ги употребува во секојдневната комуникација на предложените теми. | **Природа и околина**<br><br>**Учење, училиште, училишни предмети и прибор**<br><br>**Обрски, хоби и слободно време**<br><br>**Празници (2 Август, 8 Септември, 11 Октомври), традиција и обичаи**<br><br>**Сообраќај и превозни средства**<br><br>Овие содржини се вежбаат со следните елементи од јазичната норма и од граматиката:<br><br>**Изговор/артикулација на гласови; Акцент, карактеристики на акцентот во македонскиот јазик реченична интонација**<br><br>**Поими:** акцент и акцентирање, интонирање на јазичните целини-реченици<br><br>**Општи именки, сопствени именки, лични заменки, кратки заменски форми од лични заменки, показни заменки** | Слушање аудио материјали на македонски јазик со конкретен вокабулар/лексика која се изучува.<br><br>Мотивира меморирање на фрази и изрази преку слушање.<br><br>Активности со слушање и повторување на аудио содржините преку активни дијалози, реални ситуации.<br><br>Вежби со слушање за разликување на фрази. Вежби со разликување на зборород.<br><br>При реализацијата на секоја од активностите, наставникот покажува цртежи, фотографии, постери и друг илустративен материјал со тематската определба: храна, оброци, мени, пазарување, валута и пари, време и мерење на времето, училиште/училиштен прибор, парк, природа, празници, обичаи, традиции).<br><br>Интерактивно слушање секојдневни изрази, куси дијалози, куси наративни форми, поетски творби за деца и сл.; слушање со разбирање на прашања и поттикнување на учениците да одговорат на поставените прашања или да состават едноставни искази.<br><br>Наставни активности за работа на учениците во двојки – препознавање збор, предмет или лице од цртеж или | - ги препознава и разбира зборовите кои се однесуваат на деловите од телото;<br>-препознава искази во кое се изразува состојба (добар, уморен гладен);<br><br>-разбира зборови кои означуваат основни делови од облека, обувки и нивни бои;<br>- разбира основна комуникација при купување и користи пари;<br><br>-разбира основна лексика поврзана со храна и пијалоци;<br>-разбира основна комуникација при купување храна;<br>-разбира мени и оброци;<br>-разбира и може да нарача оброк во ресторан;<br>-разбира фрази со *можете ли, сакате ли, имате ли...*<br><br>-разбира основни изрази кои се однесуваат на времето (час и ден од седмицата) и деловите од денонокието (нок, ден, утро, вечер, пладне); |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поими: лична и сопствена именка, кратки заменски форми од лични заменки, показни заменки<br><br>**Глаголи –минато определено време, сегашно време и идно време**<br><br>**Поими:** глагол, време претставено по оска, сегашно, идно и минато време.<br>Глаголот сум<br><br>Видови реченици според модалната карактеристика<br><br>Прашални реченици – едноставни *да/не*-прашања и *кој*-прашања.<br>Исказни реченици (сакам, имам/немам)<br>**Поими:** расказна, извична и прашална реченица | од фотографија, според почетната или последната буква на зборот;<br>Прашања и одговори за именување на училиштен прибор преку симулации на реални ситуации и создавање дијалози по илустрации и цртежи.<br>Наставникот постојано внимава на артикулирањето на гласовите и на акцентирањето на зборовите од страна на учениците и по потреба поправа и дава насоки.<br><br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен). | -разбира датум и време на одржување настан, предавање, претстава;<br>-разбира броеви и цени;<br><br>-разбира основни описи на околината;<br>-може да разбере лексика која се однесува на основни географски поими (река, езеро, планина);<br><br>-разбира основна лексика за училишниот прибор и училишните предмети;<br><br>-разбира лексика поврзана за сообраќајни средства;<br>-разбира кратки упатства за правци на движење;<br><br>-ја препознава содржината на слушнати/те искази, прашања, содржината на куси наративи и на дијалози на различни теми;<br><br>-слуша со разбирање и да повторува (едноставни) комуникациски модели; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | -препознава и да разбира искази/реченици со изразени дејства во сегашно време, идно време, минато време;<br><br>-коментира и објаснува слушнати искази. |

| 2. | **ЗБОРУВАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>-ги изговара правилно македонските гласови, да ги акцентира зборовите според правилата на македонскиот стандарден јазик и да интонира правилно реченици (расказни, прашални и извични) соодветно употребувајќи ги;<br><br>-да поздравува и да отпоздравува (да ги употребува вообичаените фрази и реченици на љубезност при запознавање, купување, во училиште, во игра со другарчиња);<br><br>-се претстави себеси и да | **Содржини и поими**<br><br>**Поздрави и запознавање**<br><br>**Дом и семејство, роднини**<br><br>**Делови на телото и здравје**<br><br>**Облека, обувки и бои**<br><br>**Храна и пијалоци, пазарување, валута, посета на угостителски објекти/мени**<br><br>**Броеви, време, делови од денонокието**<br><br>**Природа и околина**<br><br>**Учење, училиште, училишни предметии прибор**<br><br>**Обрски, хоби и слободно време** | **Активности и методи**<br>За сите предложени активности наставникот користи аудио и видео материјали од интернет, цедиња-и друг материјал кој тековно го селектира. Аудио визуелниот материјал кој се користи треба да биде материјал во кој се користи стандардниот македонски јазик.<br><br>Вежби за правилен изговор на самогласките и согласките, за правилно акцентирање и правилно интонирање на сите видови реченици според модалноста.<br>Говорни игри: каладонт, расипан телефон, кажување бројалки, куси брзозборки.<br><br>Вежби за запознавање и претставување. Дијалози и симулации на часот (увежбување на дијалози со употреба на лични заменки, прашалните заменки *кој?* и | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-ги изговара и повторува гласовите во состав на слог и збор;<br>-правилно ги акцентира зборовите во зададени примери и има правилна реченична интонација;<br><br>-дава информации, се претставува себеси, другар/ка и членовите од семејството;<br><br>-соодветно користи лични заменки, показни заменки и сегашно време од глаголот сум во искази во кое се претставува себеси и своето семејство;<br><br>-ги именува роднинските односи и социјалните односи; |

| 2. | ЗБОРУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | претстави и/или опише друго лице / други лица, од семејството или од непосредната своја околина;<br><br>-да именува и да прави едноставен опис на домот/просторот кадешто живее, училиштето, околината, своите активности;<br><br>-води краток дијалог, започнува и се вклучува во разговор, поставува и дава одговор на едноставни прашања. | **Празници (2 Август, 8 Септември, 11 Октомври), традиција и обичаи**<br><br>**Сообраќај и превозни средства**<br><br>**Гласовниот состав, акцентот и реченичната интонација** во македонскиот стандарден јазик .<br><br>Поими: глас, акцент, интонација<br><br>Лични заменки, показни заменки сопствени именки и општи именки, (што именуваат роднински релации и релации надвор од домот, пр. во училиштето-соученици и другари), прашални заменки-кој и што, присвојни заменски придавки, броеви – бројност на лица.<br><br>Заменки, именки, придавки, броеви<br>(при претставување и запознавање, при воспоставување културна јазична комуникација, при опишување и раскажување) | *што?*, сопствени именки и општи именки што именуваат роднински односи или други пријателски релации, заменски присвојни придавки (мој, твој...), броеви – бројност на лица, глаголите *сум, има, живее;* видови реченици по состав и по модалност*)*<br><br>Говорни вежби во кои учениците може да користат фотографии од своите семејства и да ги усвојуваат зборовите што ги означуваат членовите од семејството.<br><br>Користење на интернет апликации за боење и цртање куќа и делови од куќа, ликови од различни возрасти, пејзажи или пак боенки, работни листови подготвени од наставнкот. При учењето можат да се изработуваат вежби кои вклучуваат елементи со цртање, обликување со пластелин и слично. (вежбите може да ги користат учениците од првиот и во дел од вториот развоен период)<br><br>Учениците исто така можат да си донесат играчки, преку нивната функција и изглед може да се вежбаат сите видови јазични структури и вокабулар.<br><br>Доколку учениците кои почетно го | -опишува предмети, лица, себеси и изразува одредени свои состојби (уморен, гладен, добар);<br><br>-прави кратки дијалози при купување, нарачување на храна, ја именува омилената храна;<br><br>-ги препознава, ги покажува, ги именува и ги набројува предметите во училницата и основниот училиштен прибор;<br><br>-ги препознава и правилно ги изговара броевите од еден до десет/сто;<br>-наведува примери во кои се употребени броеви поврзувајќи ги истите со валута, купување, време изразено во часови;<br><br>-поставува и одговара на кратки прашања во различни комуникациски ситуации кажувајќи каде живее, од каде е, колку години има;<br><br>-одговара на прашања во врска со содржина на слушнат или прочитан текстот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **ЗБОРУВАЊЕ** | | | |
| | | Поими: именки, сопствени именки, заменки, показни и лични заменки<br><br>**Опишување и кусо раскажување**<br>Глаголи, употреба на глаголи различни по вид (преку примери и толкување на примерите)<br>Разликување на глаголите по лице и број<br>Употреба на глаголите во соодветно време<br>и глаголот сум во сегашно време и во минато определено време<br>**Поими:**<br>Вид, лице и број;<br>Сум и сегашно време<br>Минато определено време<br><br>**Придавки /описни придавки и присвојни придавки** (при описи на семејството, околината, училиштето)<br><br>**Поими:** придавка, описна придавка, присвојна придавка<br><br>**Броеви** од еден до дваесетт, десетки до сто<br><br>**Употреба на прилози, предлози и сврзници** | изучуваат македонскиот јазик според возраста припаѓаат на третиот развоен период, со нив можат да се користат повеќе теми за дискусија во согласност со нивниот развоен период. Учениците може да користат стрип, цртежи со пораки и слично за изразување на знаењето на лексиката и правилната реченица.<br><br>Наставникот смислува активности за играње улоги и драматизирање на дијалози.<br>Вежби за осмислување и формирање едноставни прашања и одговори за учење во пар.<br>Вежби за именување и давање опис на делови од училница-училиште.<br>Се користат усни вежби за примена на вообичаени комуникациски модели кои ги вклучуваат вообичаени изрази за во продавница, во училница, на час, во билетарница, во трафика, во амбуланта)<br>При увежбувањето на лексиката и дијалозите учениците ги користат именските зборови и глаголите во соодветно време со помош на наставникот.<br>Вежби во кои учениците ќе можат да ги споредуваат различните глаголски форми каде дејствата се изразени во различни глаголски времиња. Увежбување на прилози со празни места во реченици. | - поставува прашања за добивање дополнителна информација;<br><br>-ги препознава, ги покажува, ги именува и ги набројува предметите, суштествата, појавите и броевите во училницата и непосредната околина;<br><br>-препознава именува и опишува лица, предмети и суштества;<br><br>-раскажува користејќи глаголски форми во сегашно време, минато определо време и иидно време. |

| 2. | ЗБОРУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими: прилог, предлог и сврзник**<br><br>Структура на реченица (подмет прирок, предмет) и зборoред<br><br>Прашални реченици, расказни реченици, потврдни реченици и одречни реченици<br><br>**Поими:** реченица, прашална, исказна, одречна реченица, потврдна реченица | Увежбување на сврзници со пополнување на празни места во реченици или поврзување на делови од реченици по смисла и според сврзникот.<br>Поставување прашања и одговори на да/не прашања.<br>Учениците водат дијалози и разговори меѓу себе и со наставникот во кои поставуваат и одговараат прашања (постер, илустрација или фотографија може да би де поттик за дискусија и учење).<br>Вежби за честитање-усно и писмено преку подготовка на честитки.<br><br>Изработка на честитки со симболи на празниците, изработката може да биде и електронска.<br><br>Цртежи изработени според омилените оброци на учениците, учење и надополнување вокабулар.<br><br>Наставникот може да користи дел од следните серијали за аудио и видео поддршка на темите кои се реализираат: „Запознај ја Македонија“, серијалот „Здрава храна“, „Народни приказни“, „Наше маало“, „Умни глави“, „Бонтон“.<br><br>За поттикнување на разговор може да се користи географска карта и брошури, играње *брза географија* со | |

| 2. | ЗБОРУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | македонски топомини.<br><br>Зборовите преку кои се врши увежбувањето да бидат од лексиката карактеристична за комуникациско-тематската целина.<br><br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | |

| 3 | ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>ЧИТАЊЕ<br><br>- да ги препознава и да ги чита на глас печатните и ракописните букви од македонската кирилична азбука;<br>-да чита зборови, зборовни состави и реченици на македонски стандарден јазик;<br>-да чита реченици со | **Содржини и поими**<br><br>Азбука – печатните букви (големи и мали) на македонската кирилична азбука.<br><br>Вежби за читање на текстови со различна содржина на македонски стандарден јазик<br><br>Самостојно читање (на глас и во себе)<br><br>Текстови за читање во себе и за гласно читање од различни | **Активности и методи**<br>Вежби за гласно читање и за кажување на буквите по азбучен ред со користење на аудио и видео запис. Наставникот исто така користи делови од серијалот Бушава азбука, Азбуката на Биби и други проверени од наставникот серијали за почетно читање и пишување.<br>Вежби за препознавање гласови во реченици или зборови во сите три положби на зборот: иницијална, медијална и финална.<br><br>Говорна игра „На буква, на буква“ („На глас на глас“). | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br><br>- ги препознава печатните букви и прави разлика меѓу мала и голема буква;<br>- чита зборови и реченици напишани со печатни букви; |

| 3 | ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | интонација соодветна на интерпункцискиот знак на крајот од реченицата.<br><br>**ПИШУВАЊЕ**<br>-да ги пишува македонските печатни и ракописни големи и мали кирилчни букви;<br>- да пишува реченици со пополнување на празни места, дијалози и друг вид куси текстови, што ги составува според барања на наставникот;<br>-да пишува реченици со правилен финален интерпункциски знак според диктат; | функционални стилови, соодветни на способностите, интересите и потребите на учениците.<br><br>Содржината на текстовите е во функција на тематско-комуникациските целини на наставната програма<br><br>Текстови во кои се употребени различни граматички категории.<br><br>Азбука – печатните букви (големи и мали) на македонската кирилична азбука.<br>Пишување зборови и реченици Модална карактеристика на реченицата. (Пишување реченици со соодветни интерпункциски знаци.<br><br>Пишување на деновите од неделата, датум.<br>(Во куси текстови од практичен карактер – распоред, план на работа и сл.)<br><br>Пишување куси текстови во вид на опишување и раскажување | Вежби за изговор на зборовите и делење на слогови.<br><br>Вежби за делење на слоговите со помош на тактирање и плескање со рацете, пишување на зборови по слогови.<br><br>Вежби за воочување на разликите и сличностите на македонската кирилица со азбуката на јазикот на ученикот;<br><br>Вежби за читање кратки дијалози за претставување.<br><br>Вежби со читање дијалози за училишниот прибор, називот на предметите.<br><br>Препознавање наслови, реклами и билборди кои наставникот ги подготвува како презентација. Асоцијации игра преку која се учат и гласови и зборови.<br><br>Вежби за воочување на буквата како графички симбол на гласот и нејзино изговарање. При ваквите часови може да се користат картички со букви. Картичките понатаму можат да се користат во учењето на пишувањето и читањето.<br><br>Запознавање со нова буква преку активности со конкретни чекори за поединечно пишување на секоја буква.<br><br>По секои пет букви се реализираат | - чита бавно реченици почитувајќи реченична интонација;<br>- чита течно правилно акцентирајќи;<br><br>-чита прашања и одговара на прашања во врска со куси текстови заситени со лексика од предложените тематски содржини;<br><br>-одговара на да/не прашања;<br>-правилно ја чита предложената лексика во куси реченици;<br><br>-пишува македонски кирилични букви (печатни и ракописни) со помош;<br><br>- правилно пишува македонски кирилични букви; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | | | |
| | | (правопис на сопствените именки, соодветна употреба на родот, бројот и определеноста кај именките и придавките како и родот и бројот на заменките);<br><br>Раскажување во минато време<br>Опишување со употреба на сегашно време<br>Пишување дијалози со точна употреба на глаголските времиња (Минато определено, сегашно и идно време)<br><br>Текстови со основни форми на изразување.<br><br>Пишување на броевите од 1 до 10 со зборови. | активности како диктати и автодиктати во корелација со позната лексика и се пишуваат кратки јазични изрази и мини дијалози. При таквите активности наставнкот користи визуелни средства, видео материјали и презентации како и говорни симулации како инспирација и вовед во самостојно пишување.<br><br>Корелација со ликовна уметност-цртање на предмети и суштества со иницијалната буква по азбучен редослед. Креирање зборови со веќе познати букви.<br><br>Вежби за пишување на печатните букви (големи и мали) на македонската кирилична азбука.<br>Вежби за споредување на графиските симболи за истите или за сличните гласови во македонскиот јазик и во мајчиниот јазик на учениците.<br><br>Вежби за читање и разбирање на реченицата според нејзината модалност.<br><br>Вежби со читање прашања и одговори (едновремено учениците ги увежбуваат зборoредот како и лексиката предвидена за оваа програма).<br><br>Вежби за проверка на разбирањето на прочитаната содржина, како дел од читањето со разбирање – *да/не*-прашања, вежби со поврзување, вежби со | -пишува едноставни зборови од обработени букви.<br><br>-пишува реченици без интерпункциските знаци;<br><br>-правилно ги употребува интерпункциските знаци;<br><br>-препишува реченици и зборови од предвидените теми;<br>-пополнува празни места со испуштени делови од реченица;<br><br>- пишува едноставни информации за себе и другите;<br>-пишува кратки и едноставни пораки во кои се заблагодарува, извинува или честита.<br><br>-правилно ги пишува броевите до 10 како и десетките;<br><br>- одговара на прашања што ќе ги прочита; |

| 3 | **ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | повеќечлен избор, дополнување реченица и сл.<br><br>Вежби во читање реченици или текст со почитување на интерпункциските знаци.<br><br>Вежби за правилна употреба на графиски знаци – интерпункциските знаци точка (.), прашалник (?), извичник (!) и запирка (,) – правилна интонација на речениците и на делови од речениците, во зависност од интерпункцискиот знак.<br><br>Вежби за дополнување на празни места во реченицата.<br>Вежби за пишување текст со куса порака - на лист, СМС или е-пошта<br>Јазични игри: бесилка, брза географија, крстозбор, пополнувалка и др.<br>(Зборовите да бидат од лексиката карактеристична за комуникациско-тематската целина.)<br>Вежби во пишување на броевите од 1 до 10 со зборови.<br>Изразување со реченици со глаголски форми за сегашно време, минато определено време, идно време, реченици со различна модална карактеристика.<br>Доколку учениците кои почетно го изучуваат македонскиот јазик според возраста припаѓаат на третиот развоен период, со нив можат да се користат техники како ленти на приказната, предвидување на приказната и слично кои се користат при читање со разбирање | -одговара на усно поставени прашања во врска со прочитан текст;<br><br>-да составува прашања според содржината од прочитан текст. |

| 3 | ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | (текстовите треба да бидат кратки и едноставни).<br><br>**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација.<br><br>Забелешка: Активностите за вежбање, читање и пишување на гласовите-буквите, се реализираат континуирано во текот на сите часови. | |

| | ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ |
|---|---|
| | Оваа програма е почетно ниво за успешно влегување во наставниот процес на македонски јазик. Учениците јазично понатаму ќе се надоградуваат во одделенијата кои ќе ги посетуваат бидејќи јазикот неминовно ќе биде нивната основна алатка преку/со која ќе учат.<br><br>Општата цел на наставата по македонски јазик ќе се реализира преку јазичните компетенции кои ќе се усвојуваат преку слушање, зборување, читање и пишување и ќе бидат видливи како резултати од учењето кај ученикот.<br>Учениците кои треба да се вклучат во наставата на македонски јазик или да го продолжат своето образование, ако веќе на друго место го почнале, потребно е да се здобијат со основни познавања од македонскиот јазик. Добиените знаења понатаму ќе се надоградуваат во социо-културните средини во кои учениците ќе го поминуваат своето време. Би сакале да напоменеме дека ова е почетно ниво на изучување на македонскиот јазик и истото понатаму ќе се проширува во рамките на предметот македонски јазик, како и со дополнителна поддршка преку програми изготвени од нашата институција.<br>Во наставната програма по македонски јазик наставните содржини се застапени преку програмските подрачја:<br>• слушање;<br>• зборување;<br>• читање и пишување.<br>При реализирањето на оваа програма треба да се има предвид, како што веќе се кажа, дека на прво место е изучувањето на |

| | |
|---|---|
| | македонскиот јазик во неговата говорна страна како и описменувањето на стандарден македонски јазик. Важно е да се напомене дека бројот на лексичките единици кои ученикот активно ќе ги усвои, како и тие што ќе ги усвои на ниво на разбирање и на употреба, е одреден според дадената програма, но истото може да се проширува доколку наставникот го оцени тоа за потребно.<br>Подрачјето Читање и пишување е клучно бидејќи преку читање: дијалози, реченици, песни, приказни, куси раскази ќе бидат застапени вежби за совладување на формите за усно и писмено изразување кои ќе се граматички и лексички точни. Учениците не треба да се оптоваруваат со подрачјата кои ги совладуваат, тие ја следат интегираната настава која наставикот ја планира.<br>Граматичките и јазичните структури кои ќе се користат во овој почетен период на изучување, при реализација на наставните содржини не треба да се толкуваат експлицитно, туку учениците ги усвојуваат глобално во предложената јазична структура односно преку јазичните функции со користењето на предложената базична лексика.<br>Оспособувањето за читање и пишување на македонски јазик како и вежбањето комуникација треба да се одвива преку вежби и игри (индивидуално гласно читање, читање во дијалози, читање заради учење на улоги, откривање на буквата која недостига во зборот, поврзување на буквите во зборови). Во оваа смисла, од особено значење е обезбедувањето од страна на наставниците и предавачите соодветни значенски инпути (јазик кој учениците го слушаат или читаат во комуникациски контекст). Добриот инпут овозможува препознавање на јазикот и неговите елементи во различни контексти: во секојдневниот живот, но и во формален контекст. Тој добар пример учениците ќе го преформулираат и ќе го поедностават, а наставникот треба да ги направи појаснувањата. Односно, при појаснувањата наставникот треба да користи едноставна лексика, да зборува јасно и да не брза. Поттикнувањето на т.н. преговарање за значењето е почеток на доброто учење. Од особена важност е да се користат форми, начини, методи и техники на работа кои ќе поттикнуваат комуникација на часот. За таа цел наставникот треба да осмислува активности и задачи со кои ќе се предизвикува и мотивира интеракција меѓу учениците. |
| **Оценување на постигањата на учениците** | **СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**<br><br>Оценувањето на резултатите е во насока на мотивирање на учениците, обезбедување пријатна клима за работа и непосредна поддршка во усвојувањето на македонскиот јазик. Напредувањето на учениците постојано се следи во текот на наставата, и истото е со цел на учениците да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно подобрување.<br>Оценувањето на учениците кои ја следат оваа програма не се врши во онаа форма која е вообичаена во основното образование. Учениците почетници во учењето на македонскиот јазик се оценуваат со различни форми на формативно оценување, кое е, пред сè описно и во функција на повратна информација за процесот на учење. Различните форми на формативното оценување со кои се следи напредокот се неопходни бидејќи ученикот кој доаѓа од друго говорно подрачје/друга земја има потреба од постојано следење на постигањата и мотивирање за брзо напредување во наставниот процес и јазичното усвојување.<br>На крајот на посетувањата на часовите учениците решеваат тест кој е во функција на сумативно/сумарно оценување и во кој за поставените прашања ќе имаат освоени поени без нумеричка оценка. Истиот, освен поените ќе содржи коментар на наставникот за сè што постигнал ученикот и какви јазични компетенции стекнал/а. |

| | |
|---|---|
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 12-12604/4<br>**година** 12-11-2020<br>**МИНИСТЕР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,**<br>**Мила Царовска** |
| **Датум на ревизија** | |